| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Патуваме со брод |
| **Содржина на денот** | Бродот што плови |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Александра Дедес Трајковски |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор и потсетување на децата за придобивките од секојдневното оддржување на личната хигиена и хигиената во градинката и домот. Грижа за ликовниот материјал по завршување на активноста. |
| **Активности** | Активноста со детето можете да ја започнете со презентација на фотографии, сликовници и апликации на кои ќе има прикажано видови на превозни средства кои го сочинуваат водниот сообраќај.<br>Со детето може да започнете разговор и од него да побарате да ви каже што видело на фотографиите, како изгледаат бродовите, каде би сакале да патуваат со нив итн...<br>По разговорот може на детето да му предложите да изработи свое бродч .<br>За оваа активност потребно ќе ви биде: лист од блок, ножички, самолеплива хартија во боја, темперни бои и четка за боење. Најпрвин детето со четка ќе го избои листот,а потоа ќе ги залепи готовите форми на бродчето од самолеплива хартија.<br>Целокупната постапка со фотографии ја имате во прилог.<br>Уживајте. |